# FOREVER

MACEDONIA

Февруари 2017 | Број 184










# Вашиот бизнис двојно зголемен

**Сигурно повеќето од вас знаат дека сакам да си поставувам цели и сите ќе се согласите дека почетокот на новата година е одличен момент да се фокусираме на новите стремежи или да ги поправиме постоечките. За оваа година имам некои лични цели, за кои може да зборуваме друг пат, но денес сакам да ви ги споделам моите цели за нашиот бизнис. Не можам да си ги припишам сите заслуги за нив, бидејќи многу луѓе ја одредуваат насоката во која се движи нашата компанија. Раководниот тим се среќава со Рекс и одредува неколку цели, потоа ние ги претставуваме на нашите лидери ширум светот, ги слушаме нивните реакции, правиме некои усогласувања и потоа доаѓа време да се зафатиме за работа!**

Во последните неколку месеци поминавме низ овој процес и резултатот е една едноставна, но многу амбициозна цел. Ако сите се ангажираме и го прифатиме предизвикот, ефектот врз нашиот бизнис и компанијата ќе биде неверојатен!

Нашата цел е да ги удвоиме продажбите! Тоа е! Толку е едноставно. Ако успееме да ги удвоиме продажбите, ќе можеме да им помогнеме на два пати повеќе луѓе во светот да изгледаат и да се чувствуваат подобро.

Знам што можеби си мислите и во право сте! Целта е амбициозна, но токму такви се најдобрите цели. Те поттикнуваат секој ден да се обидуваш да правиш уште малку повеќе. Се надевам дека многумина од вас си поставиле такви лични цели. Свесни сме дека постигнувањето на оваа цел може да потрае извесно време, но тоа не е проблем, бидејќи исто така знаеме дека за секое нешто кое вреди да биде направено, вреди и чекањето!

Удвојувањето на бизнисот нема да се случи само ако си зборуваме за него. Потребни се здрава работа, ентузијазам па дури и малку крв, пот и солзи. Претставете си ја исплатата за целата таа напорна работа – два пати повеќе клиенти, два пати поголеми доходи, два пати повеќе луѓе чиј живот е променет на подобро, и сето тоа благодарение на вашите усилби. Впечатливо е.

Значи, од каде да започнеме? Удвојувањето на бизнисот почнува од самата основа на работите кои ги правите секој ден. Обично со пет луѓе дневно зборувате за производите и бизнисот? Поставете си за цел да станат десет. Правите по едно претставување на можностите седмично? Зошто да не се две? Обично по две домашни презентации на производи месечно организирате… разбирате што мислам. Наоѓајќи начини да ја удвоите секоја активност во вашиот бизнис, ќе се здобиете со два пати повеќе клиенти, ентузијасти за производите, приврзеници на брендот, Супервизори, Менаџери, Орли… ја разбирате идејата.

Тоа е основата на нашиот бизнис. Нема кратки патишта или лесни траси кон успехот, нема и брз начин да ги удвоиме продажбите. Го знам тоа, но само со удвојување на најосновните дејства, ќе ја осознаете моќта и важноста на секое од нив. Јасно ми е дека оваа промена нема да се случи за ден или два. Ќе ви треба време да се приспособите кон новиот ритам на својот бизнис, но ве поканувам да го прифатите предизвикот. Немате што да изгубите, освен неограничен потенцијал и можности.

Не престанувајте да се смеете,



**Gregg Maughan**

# Иновации за успех

**Брзината и степенот на иновациите во денешниот свет се едноставно зашеметувачки. Толку многу нови и прекрасни идеи ефективно се имплементираат и користат за подобрување на животот на целата планета.**



Брзината и степенот на иновациите во денешниот свет се едноставно зашеметувачки. Толку многу нови и прекрасни идеи ефективно се имплементираат и користат за подобрување на животот на целата планета.

Уживам да гледам како паметни луѓе имаат смелост и поддршка да претставаат на пазарот прогресивни пронајдоци во сите можни сфери. Возбудливо е, но не заборавајте дека вистинската мудрост се крие во вештината да ги разликувате „промените заради самите промени“ и да расудувате што може вистински да придонесе за вашиот бизнис. Древна поговорка тоа го напоменува со зборовите: „не го поправај тоа кое не е расипано!“

Без напредок вашиот бизнис брзо ќе започне да страда и ќе заостанете зад оние кои ги препознаваат можностите да пробаат нешто ново, да преоткриваат некои елементи од својата работа и да се задржат на сртот на бранот. Подолго време размислуваме за ова во Форевер.

Сигурно сте забележале некои од промените и развојот во асортиманот на производите, во маркетинг планот, во нашите капацитети, па дури и во вашите доживувања за време на настаните. 2017-та ќе биде важна година за Форевер! Ви претстои да видите нови и возбудливи производи, авангардни научни решенија, развој во транспортирањето и производството, како и уште технолошки алатки кои ќе ви помагаат да го градите бизнисот. Со задоволство ве уверувам дека овие иновации се само почеток!

Но новините не се ограничуваат само на компанијата. Како сопственик на Форевер бизнис и вие треба да наоѓате начини да го поддржувате бизнисот свеж и интригантен. Барајте начин како да се поврзувате со луѓето, како да ги споделувате предностите на производите и можноста за бизнис, како да се претставувате себе си и вашиот бизнис. Иновациите на личен план се она во што нашите лидери се извонредни, и благодарение на тоа, нивниот бизнис е стабилен и издржлив.

Нема сомнение дека ќе има погрешни потези – напредокот ретко доаѓа без да пробаме по малку и од нешто погрешно. Сигурно од време на време ова сме го почувствувале на свој грб, но ќе видите дека кога ќе ги откриете нештата кои го претвораат вашиот бизнис во нешто уникатно и продолжувате да го развивате, вистинските предности на иновативноста ќе се бесценети.

Со нетрпение очекувам да го направам следниот чекор во иднината на нашиот бизнис заедно со вас!

Засекогаш ваш,

**Rex Maughan**




516 | 517 |

# Шарена енергија со ЏУСТ

## Додадете одлична арома на омилениот пијалок! Шарен, вкусен и корисен Џуст дава свежина и виталност.

Може да си набавите и шарени хартиени чадорчиња, бидејќи со Џуст секој пијалок ќе се претвори во тропско искушение! Овој природен подобрувач на вкусот е нешто сосема ново и многу интересно, кое го создадовме специјално за да го претвориме пиењето на гелот од алое вера на Форевер и на вашите останати омилени здрави пијалоци во многу пријатно искуство. Но освен прекрасниот мирис, слатките природни овошни состојки на Џустот имаат и додатна вредност, бидејќи се одличен извор на витамини B6, B12, C и фолна киселина.

Притиснете ја тубичката за со леснотија да го преобразите вашиот омилен пијалок. Едно пакување ќе ви биде доволно за повеќе од 30 чаши од 250 мл. Секоја капка е преплавена од арома и еднократното притискање е сосема доволно, за да уживате во егзотичниот вкус на Џустот.

Само што ќе дојде во допир со вашиот пијалок, тој ќе започне да го обојува. Ви нудиме два пријатни ароматни коктели-сина боровинка, асаи, лимон и ананас, кокос, ѓумбир. И двата вкуса моментално го освежуваат секој пијалок и ќе го направат вашиот живот поразнобоен (шарен). Специјално ги избравме овие ароми, за да ви дадат комплетно тропско расположение, каде и сте во тек на денот.

*Совет:* вкусете го Џустот со боровинка, асаи и лимон со 120 мл.сок од црвени боровинки за да се исполните со енергија и имате вкусен почеток на денот.

# Одлуката е ваша



Почитувани сопственици на Форевер бизнис, драги пријатели,

Сигурни сме дека многу од вас се сè уште под влијание на емоциите од најуспешната година во историјата на Форевер Ливинг Продактс Бугарија / Македонија која неодамна ја испративме. Тоа е разбирливо, бидејќи никогаш досега не сме биле сведоци како толку многу луѓе го менуваат својот живот, ги исполнуваат своите соништа и им помагаат на многумина околу себе да го направат истото со одличните производи на нашата компанија и со нејзиниот дарежлив маркетинг план.

И ете нè веќе во вториот месец на новата година, која несомнено ќе биде уште поуспешна и предизвикувачка. Година која веќе безмилосно тече и без да почувствуваме ќе одмине, како и секоја друга досега. Таа ќе измине и за оние кои ќе направат сè што е потребно за да го удвојат бизнисот во неа и да обезбедат уште подобар живот за себе и за своите блиски. Ќе измине исто и за оние кои ќе продолжат да очекуваат животот да им се промени, без да се подготвени да направат нешто поразлично од тоа што го правеле секој ден досега и кое не ги приближува кон нивните соништа.

Времето не може да се запре и неизбежно ќе измине. Но вие сами одлучувате кон која од двете групи луѓе сакате да припаѓате на крајот на годината. Ваш е изборот дали ќе употребувате уште повеќе производи од асортиманот на Форевер во своето секојдневие, за да се чувствувате и да изгледате подобро и да го споделувате ентузијазмот со луѓето околу вас. Или ќе продолжите да си купувате евтини производи со сомнителен квалитет од нечиј туѓ бизнис наместо од вашиот сопствен. Вие одлучувате дали секој ден ќе одделувате време да го дополнувате списокот со имиња, да се јавувате на луѓето од него, за да ги каните на средба, презентација или обука, што претходно сте ги организирале и подготвиле. Или ќе останете во вашата зона на комфор до крај на животот, без да си дадете шанса да го промените. Вие одлучувате дали ќе преминете на повисоко ниво во маркетинг планот на Форевер, ќе станете Менаџер ОРЕЛ, ќе се квалификувате за Глобалното рели догодина, ќе ја изработите програмата за кола, ќе добиете многукратно повисок бонус, ќе бидете на сцената на секој Ден на успехот и ќе сте среќни да гледате како животот ви се променил. Или ќе продолжите да се задоволувате со тоа малку што сте го постигнале, „тешејќи" се дека тоа не е најважно на светот.

Секој сам носи одлуки и ние тоа го уважуваме. На вас, кои правите сè што е потребно за промена и цврсто верувате дека таа ќе се случи, ви посакуваме храброст и упорност во споделувањето на уникатниот Форевер бизнис! Чувствувајте сè повитални, послободни и посреќни! Не се откажувајте, зошто со нашата компанија секој независно од возраст, пол, раса или образование, без никаков финансиски ризик добива можност да работи за себе, во удобно за него време, да заработи толку, колку што заслужува, без шефови, со постојано растечки доход и без никаков ризик да биде отпуштен.

Не чекајте! Годината тече и одминува. Претворете ја во најдобрата за себе си!

Со љубов и секогаш со Вас,



**Стефан и Тања Стаеви**

# SUCCESS DAY 22.01.2017

































# АКТУЕЛНИ ПРОМОЦИИ
## за февруари

Добивате еднократно по Ваш избор Aloe Vera Gel или Aloe Berry Nectar ако го исполните следниот услов во текот на февруари:

- 1 бод на личен код за Новус клиент и Ас. Супервизор
- 2 бода на личен код за Супервизор и Ас.Менаџер
- 3 бода на личен код за Менаџер.







Уште една можност повеќе да уживате во најчистите природни состојки. Во февруари – плаќате 1 производ од етеричните масла на Форевер и добивате 1 ГРАТИС од истиот. Количините се ограничени! Повеќе инфо на следниот линк http://flp.bg/mac/eo/




**Fast Start Pack**
***Combo Pak***

Старт пакет
*(може да биде купен само од ново регистриран новус клиент како прва порачка)*

Ако сте заинтригирани од можностите за градење на сопствен Форевер бизнис, овој пакет е идеалниот начин да започнете. Ви дава достапна и брза можност за издигнување до ниво Асистент Супервизор и за идни купувања по цени за СФБ со 30% попуст. Освен тоа е одличен начин лично да ги пробате најпопуларните производи и да започнете да ги предлагате на вашите потенцијални клиенти.




***Пакетот содржи:*** Aloe Vera Gel (2), Aloe Lips, Forever Bright Toothgel, Forever Aloe Berry Nectar, Forever Royal Jelly, Aloe Hand & Face Soap, Aloe First, Absorbent-C, Aloe Propolis Crème, Aloe Vera Gelly, Aloe Ever-Shield, Forever Aloe Bits n' Peaches, Forever Freedom, Aloe Blossom Herbal Tea , Aloe-Jojoba Shampoo, Forever Pomesteen Power, Avocado Soap, Aloe Activator, Forever Kids, Forever Arctic Sea, Forever Daily + богат пакет од најкорисните печатени и маркетинг материјали. ***(Содржината подлежи на промени).***

**Цена само за ново регистриран новус клиент:**

| | | |
|---|---|---|
| 006 | 22248 ден. | 1,650 |

Енергетски пијалок за сите генерации.
Во февруари- плаќате 3 FAB и добивате 3 ГРАТИС.
Количините се ограничени!



# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ЈАНУАРИ 2017 ГОДИНА

## АСИСТЕНТ МЕНАЏЕР

Др.Гордана Николиќ – Куманово

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

Аџиева Верица - Гевгелија
Др. Алексиќ Душан – Врањска бања
Андоновска Бранка – Штип
Атанасова Марина – Штип
Бошкоска Флорина – Прилеп
Бренов Баже – Скопје
Величковска Драгана – Куманово
Ѓоргиевски Методи – Делчево
Др. Ѓоргиоска Соња – Гостивар
Зориќ Јулијана и Зоран – Скопје
Идризи Јетмире – Гостивар
Манасијевиќ Жаклина – Врање
Миленковиќ Валентина – Куманово
Мишевска Анета – Кратово
Најдоска Инна – Прилеп
Недева Ивана – Неготино
Петковска Маја – Куманово
Сејфулаи Мемети Едона- Тетово
Стојанова Билјана – Струмица
Танова Живка – Гевгелија
Трајковска Лидија – Куманово
Флорим Јакупи – Куманово
Христов Бранко - Скопје

## ТОП 10

### ВКУПЕН ОБЕМ

1. Др.Снежана Контра
2. Др.Роза Гелевска
3. Жарко Георгиевски
4. Славица Донакова
5. Слафко Михајловски
6. Блага Крстеска
7. Др. Гордана Николиќ
8. Катерина Трајчевска
9. Вера Златковска
10. Дончо Ѓорѓиев

### НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Жарко Георгиевски
2. Др.Снежана Контра
3. Др.Гордана Николиќ
4. Др.Роза Гелевска
5. Славица Донакова
6. Вера Златковска
7. Дончо Ѓорѓиев
8. Стевица Димовска
9. Валентина Крмова
10. Младен Димовски




## Презентации во канцелариите на Форевер

**Обука Брз почеток, 13.02, 18 часот**
(предавач Кети Жабокова - Офис менаџер)

**Презентација на производи, 20.02, 18 часот**
(предавач Др. Роза Гелевска)

**Претставување на Форевер, 27.02, 18 часот**
(предавач Славица Донакова)

**facebook**

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products Macedonia**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like

**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**
бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**
- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.